

# МОЈОТ ГЛАС–МОЈА ОДЛУКА!

## Анализа на проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг

CRPM
Центар за истражување и креирање политики

ANTICO
Женска граѓанска иницијатива - АНТИКО

Поддржано од програмата за развој на Обединетите Нации
UNDP

Член 22 Устав на РМ

*Избирачкото право е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање*

# МОЈОТ ГЛАС – МОЈА ОДЛУКА!

Анализа на проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг

Издавач:

Центар за истражување и креирање политики
Ул: Цицо Поповиќ 6-2/9 1000, Скопје
Тел/факс +389 3109932
www.crpm.org.mk | crpm@crpm.org.mk

Анализата е подготвена од стручниот тим на Центарот за истражување и креирање политики

Насловот на анализата е превземен од истоимената кампања „Мојот глас- моја одлука!“

Уредник на изданието и координатор на кампањата
*Ристе Змејкоски*

Автори:
*Сања Костовска*
*Ана Мицковска*
*Димитар Николовски*

Во партнерство со:
*Ѓунер Небиу*

Дизајн и техничка подготовка
*Стефан Николовски* | stefannikolovski@yahoo.com

Вашите коментари и забелешки за оваа студија испраќајте ги на следниот e-mail: crpm@crpm.org.mk

Тираж - 500

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

342.841 (497.7)
342.415 (497.7)

МОЈОТ глас моја одлука! : [ анализа на проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг ] / [уредник на изданието Ристе Змејкоски ]. – Скопје : Центар за истражување и креирање политики, 2009. – 37, 37 стр, ; 24 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Vota ime vendimi im! : analizë e problemit të votimit familijar dhe votimit në emër të tjerit. – Обата текста меѓусебно печатени во спротивна насока. – Текст на мак. и алб. јазик. – фусноти кон текстот

ISBN 978-9989-2825-4-6

а) Индивидуално гласање – Злоупотреби – Македонија
COBISS. MK-ID 76222986

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД 7
2. ПРАВНА РАМКА 8
3. МЕДИУМСКА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ 10
3.1. Презентација на проблемот од страна на медиумите на македонски јазик 10
3.2. Презентација на проблемот од страна на медиумите на албански јазик 11
4. МЕТОДОЛОШКИ ОСВРТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 14
5. АНАЛИЗА НА ФЕНОМЕНИТЕ НА СЕМЕЈНОТО ГЛСАЊЕ И ГЛАСАЊЕ ВО ИМЕ НА ДРУГ 16
5.1. Осврт на проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг низ призма на граѓаните 16
5.1.1. Заинтересираност за политика/избори помеѓу мажите и жените 16
5.1.2. Влијанија врз одлуката за кого да се гласа 18
5.1.3. Дискусии во семејството и градење на став 19
5.1.4. Гласање исто/различно од другите членови на семејството 22
5.1.5. Гласање во име на друг 23
5.1.6. Познавање на законските регулативи 24
5.1.7. Мислења за причините за овие феномени 25
5.2. Осврт на проблемот на семејно гласање низ призма на претставниците од државните институции 27
5.2.1. Проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг од аспект на ДИК и избирачките одбори 27
5.2.2. Проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг од аспект на жените пратенички 31
6. ПРЕПОРАКИ 34
7. ЗАКЛУЧОК 36

# 1

# ВОВЕД

Проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг е феномен кој е неодминлива карактеристика на македонскиот изборен процес. Сепак, конкретна стратегија за решавање и искоренување на овој проблем сѐ уште не постои. Иако се работи за актуелен проблем кој е во центарот на вниманието за време на секој изборен циклус, досега не е направена анализа базирана на примарни податоци за дефинирање на ефикасно и одржливо решавање на овој проблем. Без една таква перспектива е тешко и за самите институции да подготват релевантна стратегија која точно би ги дефинирала целните групи, како и пристапот за искоренување на проблемот. Постоечките анализи кои го третираат ова прашање даваат преглед единствено на правната рамка, додека квалитативно истражување за причините на проблемот изостанува.

Анализата подготвена од Центарот за истражување и креирање политики-ЦИКП во партнерство со женската граѓанска иницијатива - Антико дава една сосема нова перспектива на проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг. Целта е да се излезе од рамките на стереотипно приоѓање на овој проблем, кој не е базиран на факти. За оваа цел, врз основа на сеопфатната методолошка рамка подготвена од ЦИКП, подготвената анализа дава краток осврт на правната рамка во однос на овој проблем, но и ги презентира главните причини, одговорни страни, проблеми и решенија на начинот на кој тие се перцепирани од страна на директно засегнатите граѓани и релевантните институции.

Оваа анализа претставува корисна основа врз која би можела да се дефинира јасна и прецизна стратегија за искоренување на овој проблем.

# 2

# ПРАВНА РАМКА

Со Уставот на РМ се гарантира **еднакво, општо** и **непосредно избирачко право**, кое се остварува на **слободни избори со тајно гласање** (член 22). Овие принципи на избирачкото право се повторени во контекст на Паламентарните и Претседателските избори (член 62 и 80).

Со изборниот законик е подетално дефинирано избирачкото право. Според законот[1] Државната изборна комисија е одговорниот орган за контрола на гласачките места каде се пријавени неправилности при гласањето, меѓу другото и семејното и гласањето во име на друг (член 31). Важна улога во процесот на обезбедување на соодветни услови за непречено практицирање на избирачкото право имаат Оштинската изборна комисија и Избирачкиот одбор (ИО). Особено е голема одговорноста на членовите на Избирачкиот одбор имајќи предвид дека тие се во директен контакт со гласачите на самото гласачко место. Во оваа насока и изборниот законик како надлежност на ИО ја наметнува обврската да „обезбеди правилност и тајност на гласањето“ како и „слободно и мирно гласање“ (чл. 40).

Семејното гласање и гласањето во име на друг се нелегални дејствија кои ги нарушуваат уставно загарантираните принципи на избирачкото право. Во таа насока, „нарушена тајност на гласањето“ што имплицира семејно гласање, и гласање во име на друг преку одредбата „некое лице или лица гласале за други лица” се наведени како основи за поништување на гласањето (чл. 151).

Изборниот законик предвидува исклучок, односно помош при гласање, во случај кога „избирачот кој има физички недостаток или е неписмен [...] не може да гласа на начин утврден со овој законик“ (чл.

1 Изборен законик, Службен весник на Р.М, 31.03.2006

112). Иако изборниот законик подетално ги дефинира условите под кои избирачот може да се повика на ова право, за жал овој член е честопати злоупотребуван за други цели, односно за семејно гласање.[2]

Изборниот законик и кривичниот законик предвидуваат казни во случај на прекршување, повреда и злоупотреба на избирачкото право. Изборниот законик дефинира парични казни за прекршоците во случај кога „физичко лице гласа за повеќе лица или гласа во име на друг“ (чл. 191). Кривичниот законик[3] содржи одредби со кои парично или со казна затвор до една година, односно до шест месеци се казнува гласање во име на друг, односно повреда на тајноста на гласањето (чл. 161 и чл. 163).

2 Проф. Др. Рената Тренеска Дескоска, Еден гласач – еден глас. Да го спречиме семејното гласање и гласањето во име на друг, УНДП, 2008

3 Сл.Весник на Р.Македонија бр.19 од 30.03.2004 година

# 3

# МЕДИУМСКА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ

## 3.1 Презентација на проблемот од страна на медиумите на македонски јазик

Македонските медиуми не се занимаваат многу со проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг. Овој феномен вообичаено само се споменува во медиумите по изборите, меѓутоа само се регистрира, без подлабока анализа на причинителите и можните стратегии за излез. Во случаите кога медиумите се обидуваат да ги лоцираат причините за оваа појава, вообичаено се става фокус на стареотипното гледиште дека сé се сведува на менталитетот на одредени групи на граѓани, вообичаено необразовани индивидуи од руралните муслимански заедници.

> *Практиката мажот во семејството да гласа и за сопругата или и за други членови од фамилијата е дел од традицијата која во Македонија тешко се напушта. Од неа се најпогодени помалу образуваните или економски зависните жени и главно се случува во руралните средини* [4]

Се потенцира доминацијата на мажите врз одлуките на жените, преку пренесување на изјави на жени: *„На денот на изборите останувам дома, а сопругот гласа за мене, бидејќи традицијата налага местото на жената да е дома и на поле. Политиката е работа на мажите.”*[5];

4 BBC Macedonian: 2 декември, 2008, ‘Како против “семејното гласање”’

5 Дневник, 20 март, 2006, “Кога уставот вели едно, а традицијата сосема друго”

и мажи: *„Нема никаков проблем, сите гласаме, но јас им велам ќе гласате за тие што ќе ви ги кажам и мора така да биде, објаснува жител на тетовско Камењане”*[6]

> *Семејно гласаме зашто така треба. Сопругата може има право сама да избере, но што се разбира таа од политика за да знае за кого треба да гласа, вели жител на скопското село Глумово.*[7]

Проблемот вообичаено е претставен како карактеристика на повеќето претставници на оваа заедница, со што стереотипите се зајакнуваат.

Спротивставени ставови на овие се многу ретко прикажани и вообичаено се презентирани со скепса. Дури и во статиите кои се однесуваат на текот на кампањата на “Еден гласач-еден глас” на УНДП против семејно гласање се потенцираат стереотипните ставови, додека критичката анализа често изоставува.

Во изјавите во медиумите, од страна на најголемиот број актери (невладини организации, партии итн.), како одговорни за оваа појава се посочуваат избирачките одбори. Можните манипулации од страна на партиите се споменуваат многу ретко, меѓутоа не се потенцираат како сериозен причинител/мотиватор на семејното гласање и гласањето во име на друг. Исто така, доста ретко се споменуваат казните поради семејно гласање.

## 3.2 Презентација на проблемот од страна на медиумите на албански јазик

Медиумите на албански јазик многу малку го третираат прашањето на семејно гласање и гласање во име на друг. Мошне ретко може да се наиде на посебен наслов, статија или коментар за оваа проблематика во дневен весник на албански јазик.

Оваа тематика најмногу се споменува во новинските записи за време на Парламентерните избори 2008 и тоа во делот кога се пренесуваат

6 Ибид.
7 Дневник, 27 мај, 2008, Семејното гласање традиција или злоупотреба

информации од страна на ДИК, граѓанската асоцијација МОСТ или меѓународните мисии дадени за изборните резултати, нерегуларностите, поништување на гласањето. Во тој контекст, на семејното гласањето и гласањето во име на друг се укажува како дел од евидентираните неправилности или една од причините за поништување на изборите.[8]

Анализата на содржината резултираше со многу мал број на наслови и статии кои се посебно посветени и имаат аналитички приод кон третирањето на овој феномен. Во архивата на Алсат- М телевизија беше наидено на 44 наслови кои се однесуваат на изборите, изборните процеси, резултатите, неправилностите и во најголемиот дел од нив семејното гласање се споменува со 3-4 збора. Не се наиде на информација која укажува дека семејното гласање била единствената причина за поништување на гласањето.

Истражувањето продуцираше само три наслови кои се посветени само на семејното гласање. Во првата статија - „Семејното гласање е присутно во албанското гласачко тело"[9], се пренесуваат ставови на неколку претставници на политички партии, меѓу кои и претставничка на една политичка партија која вели: „Секогаш не иритираат извештаите каде се повторува дека албанските семејства гласаат на семеен начин. Ние сме докажале пред сите, а и пред меѓународните набљудувачки мисии, дека ние знаеме да гласаме". Сепак, новинарот или редакцијата не дава свој коментар во однос на феноменот семејно гласање.

Во следната статија, превземена од МИА (Македонска информативна агенција), е презентирана дискусијата од тркалезната маса за спречување на семејното гласање во организација на УНДП, каде се вели дека во спречувањето на семејното гласање од големо значање е улогата на политичките партии.

Конечно, само во еден случај беше наидено на интервју, пренесено од агенцијата YLL PRESS[10] - „Тајното гласање е неповредливо право". Интервјуто е направено со експерт за избори на Обединетите нации и во голем дел е посветено на феноменот на семејно гласање и гласање во име на друг.

8 види: www.shkupi.com [15.06.2008], AlsatM [4.06.2008], TV Gurra
9 www.alsat-m.com [15.11.2008]
10 www.yllpress.com (11.10.2008), се наведува дека интервјуто е превземено од весникот "Факти"

Може да се заклучи дека медиумите на албански јазик посветуваат многу малку внимание на оваа тема. Воглавно ги пренесуваат добиените информации од институциите кои ги надгледуваат изборите, додека немаат свои истражувачко- аналитички прилози , коментари и ставови по ова прашање. Проблемот особено недоволно се третира во предизборниот период. Како резултат на ова, овие феномени немаат можност да допрат до јавноста, која е недоволно запознаена со причините за ваквите појави и често не ги третира како значајна закана за регуларноста на изборите.

# 4

# МЕТОДОЛОШКИ ОСВРТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За целите на анализата беа спроведени 14 фокус-групи, по две во секоја од следниве општини од првата, втората и шестата изборна единица: Арачиново, Сарај, Челопек, Липково, Теарце, Радиовце и Шуто Оризари. Изборот на општините беше направен според податоците на набљудувачките мисии за забележани случаи на семејно гласање и гласање во име на друг за време на претходните избори (2006 и 2008). Етничката припадност на учесниците беше во согласност со припадноста на мнозинското население од наведените општини, т.е. во општината Шуто Оризари учесниците беа од Ромска, а во останатите општини од Албанска етничка припадност.

На фокус-групите вкупно учествува 120 лица од кои, 51 маж и 69 жени. Дискусиите со мажи и жени се одржуваа одвоено, со цел да се поттикнат искрени одговори и да се овозможи согледување на проблемот од полов аспект.

Демографските карактеристики на испитаниците се прикажани во графиконите подолу.

Графикон 1. *Учесници на фокус групите според пол и возраст*



Може да се забележи дека намерата беше да бидат застапени повеќе млади гласачи и поголем број на жени.

Графикон 2. *Учесници на фокус групите според пол и работен статус*




Со цел да се добијат мислењата на различни релевантни фактори во врска со практиките на семејно гласање и гласање во име на друг, беа интервјуирани и

- 3 жени парламентарки,
- 1 претставник на Државната изборна комисија (ДИК), и
- 3 членови на Избирачки одбори

# 5

# АНАЛИЗА НА ФЕНОМЕНИТЕ НА СЕМЕЈНО ГЛАСАЊЕ И ГЛАСАЊЕ ВО ИМЕ НА ДРУГ

Анализата е направена врз основа на податоците добиени од страна на испитаните граѓани, како и мислењата на претставниците на државните институции, политичките партии и изборните одбори.

## 5.1 Осврт на проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг низ призма на граѓаните

Најголемиот дел од анализата е заснована на одговорите добиени од фокус групите организирани во седумте општини каде биле забележани случаи на семејно гласање и гласање во име на друг. Акцентот е ставен на искуствата на граѓаните со овие феномени, начините на кои ги разбираат, нивните ставови во врска со нив, ставовите и искуствата на останатите граѓани од нивните општини, познавањето на законските регулативи, како и влијанијата на различни фактори врз донесување на одлуката за кого да се гласа.[11]

### 5.1.1 Заинтересираност за политика/избори помеѓу мажите и жените

Иако најголемиот дел од учесниците на фокус-групите одговорија дека редовно гласаат на избори, помеѓу мажите и жените беше забележана разлика во поглед на интересот за политички настани. Речиси сите мажи одговорија дека ги следат изборните кампањи, наведувајќи различни причини за нивниот интерес:

11 Цитатите кои се дадени во текстот подолу се избрани за илустрација на мислењата кои преовладуваат во фокус групите

*Ги следам затоа што ме интересира како планираат да не лажат.*

*Ги следам кампањите, мислам дека такво нешто ми е потребно како граѓанин. Редовно гласам без разлика, тука нема дилема.*

*Да редовно ги гледам овие настани на телевизија, затоа што сум принуден тоа да го правам во времето кога има избори.*

За разлика од нив, помал број од жените ги следат политичките настани. Би можело да се изведе заклучок дека помладите жени послабо следат политички настани, иако има и исклучоци. Сепак и оние кои не следат редовно политички настани тоа го прават само за време на избори или кога има некои актуелни и интересни гости во политичките емисии. Општиот впечаток е дека довербата во политичарите и нивните ветувања е многу ниска, што предизвикува револт кај испитаничките.

*На телевизија не гледам политички програми, затоа што ме нервираат политичарите. За мене тоа е само губење време да ги слушам како лажат. Кога има такви емисии го менувам телевизискиот канал; гледам нешто друго од што ќе се чувствувам пријатно.*

Значителен број жени изјавија дека воопшто не сакаат да ги следат случувањата за време на изборите.

*Кога има изборни кампањи излегувам од собата и додека трае тоа, правам нешто друго.*

*Тука кај нас, на пример, и да не сакаш да ги следиш, самата околина те тера да ги следиш тие настани, посебно кога е време на избори. Каде и да се свртиш се зборува и се слуша за политика, и на медиумите секогаш има платени политички програми и ништо друго нема на телевизија.*

Иако помеѓу жените постои интерес за политичките настани, тој е значително помал од интересот кој го покажуваат мажите. Исто така, се забележува дека тие се почувствителни на неправилностите кои се случуваат во политиката што влијае врз нивниот интерес за следење на политичките настани.

### 5.1.2 Влијанија врз одлуката за кого да се гласа

Различни фактори можат да влијаат врз формирање на одлуката за кого да се гласа на изборите. Покрај политичките кампањи кои се наменети да го оформат мислењето на гласачите и влијанието од страна на средината (пријатели, роднини, соседи) може да биде значително. Во овој аспект не беа забележани разлики помеѓу мажите и жените во врска со влијанијата кои овие фактори ги имаат врз нивната конечна одлука.

Огромно мнозинство од машките испитаници одговорија дека кампањата не влијае на нивната одлука за кого ќе гласаат. Претежно, однапред ја имаат донесено таа одлука, или едноставно не веруваат во она што се зборува за време на кампањите.

> *Следењето на кампањите не влијае врз тоа за која партија би гласал. Јас лично мојата определба ја имам направено пред некое време така што кампањата не влијае врз донесувањето на мојата одлука.*
>
> *Она што можам јас да го констатирам како граѓанин е дека партиите не стојат зад ветените зборови од кампањите.*

Само тројца се изјаснија дека им влијае кампањата, од кои кај еден влијае само делумно.

> *Ги следам кампањите - мислам дека такво нешто ми е потребно како граѓанин. Редовно гласам, тука нема дилеми. Мислам дека кампањите се многу неквалитетни во однос на тоа што е понудено и што се реализира. Но сепак кампањата е моментот кога јас одлучувам за кого ќе гласам затоа што немам друг извор на информирање.*
>
> *Мислењето за кој ќе гласам го формирам врз база на кампањата. Во случај да некоја од програмските понуди ме привлекува, без сомнение гласам за таа политичка партија.*

И мнозинството жени искажаа верување дека кампањата не им влијае врз одлуката за кого да гласаат. Сите испитанички рекоа дека ниту разговорите со пријателите не им влијаат на одлуката за кого да гласаат. Огромно мнозинство знае од претходно за кого да гласа, во зависност од историјата на партијата, или кој е на власт, или што било сработено/се случувало.

Мал број од машките испитаници велат дека разговорите со пријателите само донекаде им влијаат врз одлуката за кого ќе гласаат или пак само ги зацврстуваат нивните веќе стекнати ставови.

*Не можам да кажам дека разговорите со моите колеги и другари прават да јас се решам за кого би гласал, но тие се многу влијателни за зацврстувањето на моите ставови кон таа партија.*

Големо мнозинство вели дека тоа е нивна одлука, дека иако се обиделе други да им влијаат, тоа не им успеало, или едноставно не сакаат да разговараат на тие теми со пријателите.

Според добиените одговори, би можело да се заклучи дека перцепцијата на испитаниците е дека политичките кампањи и разговорите со пријателите и соседите не влијаат или сосема малку влијаат врз формирање на финалната одлука за гласање и кај мажите и кај жените.

### 5.1.3 Дискусии во семејството и градење на став

Поголемиот дел од испитаниците одговорија дека разговараат за политика во рамките на фамилијата и за разлика од претходните фактори, овие дискусии имаат поголемо влијание врз формирање на нивниот став во врска со изборите.

Жените искажаа различни ставови во врска со прашањето дали во нивното семејство се разговара како да се гласа на изборите. Поголемиот број од испитаничките, особено помладите и пообразованите, учествуваат во домашните дискусии за кого да се гласа.

*Сега е друго времето и мажите и жените дискутираат за политика.*

*Дома кај мене кога се дискутираа за некоја политичка тема многу сакат да ме слушаат кога давам некое мислење или критика, особено татко ми кој најмногу го цени моето мислење.*

Сепак еден дел од оние кои разговараат, велат дека иако учествуваат во дискусиите, на крај мажите ја носат таа одлука.

*Машките членови кај мене најмногу дискутираат, ние жените само понекогаш се вклучуваме во разговорот за тие теми, и гласаме како што ќе се договориме со нив.*

Помал број од испитаничките се изјаснија дека не сакаат да дискутираат бидејќи немаат интерес за политика или поради тоа што нивните мажи/татковци сметаат дека политиката не е за жени.

*Во моето семејство татко ми најмногу дискутира за која партија да се гласа, а ние другите само го слушаме и не коментираме за тоа. Според него жените не треба да се вклучат во политика, и мислам дека и да кажам некое мое мислење не би ме слушал ниту би го ценел тоа. Ние го познаваме него и за да не дојде до конфликт се согласуваме со него иако не е во право.*

*Кај мене дома другите членови од семејството разговарат за која партија да се гласа, но јас не се вклучувам во разговорот. Излегувам од собата и не дискутирам за тоа.*

Повеќе од половина од жените беа на мислењето дека целото семејство не мора да гласа за иста партија или ист кандидат, и се изјаснуваат дека секој има свое мислење и свое право да донесе одлука.

*Ние дома никогаш не разговараме за која партија или кандидат ќе гласаме - секој има свое мислење и свое право.*

*Посебно кога се изборите многу се зборува за политика кај нас, се дебатира за кандидатите, понекогаш и јас се вклучувам во дискусијата и го ценат и моето мислење, но сепак на крајот самите одлучуваме за кого да гласаме.*

Исклучок од оваа констатација се жените од Теарце и Сарај, каде сите се сложуваат дека целото семејство треба да гласа за еден кандидат или партија, поради директната корист која би ја имало семејството.

*Јас мислам дека цело семејство треба да гласа за ист кандидат, затоа што ако на пример на избори победи тој кандидат или таа партија, тогаш тоа за сите членови од семејството е корисно - ќе има повеќе вработувања.*

*Да важно е до некаде, ако еден член од семејството има интерес од таа партија сигурно би имало и целото семејство ќар.*

Ставовите на машките испитаници беа поригидни од оние на жените. Иако околу половината од нив кажаа дека дозволуваат жените

да коментираат за политика и за кого да се гласа, другата половина смета дека мажите треба да го имаат крајниот збор за определбата, што противречи на претходните констатации дека секој е слободен да одлучи за кого ќе го даде свиојот глас. Како главни причини за нивниот став ја наведуваат незаинтересираноста и необразованоста кај жените.

*Кај мене дома мажите одлучуваат, жените сами не изразуваат интерес за тоа.*

*Обично повеќе одлучуваат мажите. Не би го употребил зборот дискриминација, но би нагласил дека во моето семејство, жените се необразовани а мажите се со повисок степен на образование во споредба со нив. Така што при одлучувањето мислам дека мажите имат поголемо влијание.*

Сепак, беше истакнато дека помладите жени, посебно оние пообразованите, ги следат повеќе овие процеси коментираат дома и сами одлучуваат.

*Татко сум на девојка која што има завршено факултет, ги следи и ги чита овие процеси, поинформирана е од мене и тука нема јас што да и се мешам.*

*Ако ме прашате за моите ќерки сигурно дека да. Јас лично не сум толку образован како нив. Така да нивните информации се поголеми одколку моите.*

*Се знае, тоа е дел од нашата реалност, за тој, за кој јас ќе гласам обично гласа и целото семејство. А за пред изборниот период сите коментираме. Имено, со моите ќерки повеќе бидејќи тие имаат високо образование, тие коментираат, анализираат, додека со мојата сопруга која има основно образование не дискутирам за такви теми. Сопругите можеме на некаков начин да ги убедиме, затоа што тие не се образовани, немаат доволно информации, но ќерките или тие што се образовани - тука не доаѓа во предвид убедувањето.*

Би можело да се сумира дека ставот на повеќето мажи е дека доколку се образовани, жените можат сами да донесат правилни одлуки за кого да гласаат на избори, меѓутоа жените со пониско образование не би донеле правилна одлука и затоа треба да им се сугерира од страна на машките членови на семејството. За разлика од нив, жените не прават голема разлика помеѓу граѓаните со различен степен на образование во поглед на нивните способности за донесување на одлука.

### 5.1.4 Гласање исто/различно од другите членови на семејството

Иако голем дел од испитаничките одговорија дека самите одлучуваат за кого да гласаат - „Нема потреба мажот ми да ми кажува за кого јас да гласам, тоа е мое право и мое мислење“; мислењето на фамилијата кај дел од нив сепак е одлучувачко:

> *Јас додека бев кај татко ми гласав според тоа како тој ни кажуваше за кого да гласаме, но кога се омажив гласав различно од маж ми, бидејќи кај него беа од друга партија. Тоа воопшто не се одразило на нашите семејни односи и досега никогаш не сме се скарале.*

Сите испитанички од Сарај и Теарце, како и дел од Шуто Оризари се изјаснија дека гласаат за истиот кандидат или партија како и главата на семејството (т.е. мажите, татковците). Неколку истакнаа дека доколку би гласале различно, мажот би се развел од нив.

> *Ако се спротивставам на мажот ми и не се согласувам со неговиот избор, ќе се налути и ќе се разведе од мене.*

Сепак, свесни се дека треба самите да отидат и да гласаат и владее апсолутен консензус против семејното гласање.

> *Мислам дека веќе не постои можноста да гласаме за цело семејство и знаеме дека тоа е забрането и казниво; гласањата никогаш не се развиваат на таков начин, бидејќи самиот карактер на гласот е персонален (личен) а не групен.*

Околу половина од машките испитаници се изјаснија дека женските членови од фамилијата гласаат според нивните инструкции.

> *Апсолутно јас како ќе кажам така ќе се гласа. Сигурно би се налутил ако таа постапи различно од тоа како што сме се договориле дома*

Сепак, додека за поголемиот дел не би претставувало проблем доколку женските членови од семејството гласаат различно од нив, дел (меѓу кои предничат испитаниците од Теарце) застрануваат од генералниот тренд и одговорија дека би се налутиле доколку женските членови од семејството не ги послушаат нивните сугестии за кого да гласаат. Еден испитаник од Липково одговори дека:

*Не би се налутил, но би и сугерирал за следниот пат да ме консултира.*

### 5.1.5 Гласање во име на друг

Испитаниците се чувствуваа прилично непријатно да разговараат за случаи на гласање во име на друг. Речиси сите одговорија дека не им се случило некој да гласа наместо нив, но дел познаваат такви случаи. Една жена од Радиовце кажа:

*Од соседите кај татко ми слушнав дека еден човек ги земал сите документи од членовите на семејство и отишол да гласа за сите, но од страна на членовите на избирачките одбори не му дозволиле.*

Испитаничките од Шуто Оризари беа најотворени да разговараат за оваа тема. Една од нив кажа дека лично и се случило некој да гласа наместо неа, а кога го забележала тоа и се побунила, ја избркале од гласачкото место. Други имале слушнато за случаи кога се нудени пари на некој за да дозволи друг да гласа наместо него. Примери за гласање во име на друг во Шуто Оризари им се случиле и на голем број неписмени жени.

Најголемиот дел од испитаничките изразија негативно мислење за тоа некој друг да гласа за нив. Сепак, ја оправдуваат постапката на помагање на постарите и неписмените лица да гласаат, секако според свое убедување.

*Не е право тоа. Кај нас не се случувало такво нешто. Може да се случи понекогаш кога постарите претежно не знаат да пишуваат и да читаат и за нив има оправдување да бараат помош од другите, со услов да гласаат според нивно мислење.*

Од машките испитаници само еден кажа дека му било понудено друг да гласа наместо него, при што тој одбил. Околу една третина знаат за такви случаи, но сметаат дека тоа се претежно случаи со стари и неписмени или луѓе од странство.

*Јас сум слушнал дека главата на семејството гласал во име на сите останати членови на семејството.*

*Мене лично не ми се случило такво нешто, но знам дека во селото има многу жени на кои што мажите им се во странство. Така што им ги земаат личните карти за да им помогнат при гласањето за да можат и тие да ги употребат нивните гласови.*

*Да бидам искрен такво нешто кај нас многу често се случува. Пример доаѓа главата на семејство со 15 лични карти и почнува да гласа.*

*Сум слушнал дека еден гласа за друг кој што се наоѓа во странтсво.*

Според коментарите, значителен дел од машките испитаници не ја сметаат за погрешна постапката да се гласа во име на некого кој е во странство или е постар или неписмен. Во овие случаи, гласањето во име на друг го сметаат за донекаде оправдано.

### 5.1.6 Познавање на законските регулативи

Поголемиот дел од испитаниците знаат дека семејното гласање и гласањето во име на друг се казниви дела. Најмалку запознаени со ова беа испитаниците од Липково. Се забележува недоволно разбирање на феноменот и мешање на поими (на пр. семејно гласање и кршење на гласачки кутии)

*Не сум слушнал за семејно гласање, знам за кршење и полнење на кутии но семејно гласање не сум слушнал . Претпоставувам и ова се казнува со закон.*

*Семејното гласање знам дека се казнува, но тука знам дека такво нешто е само да им се помогне на старите кои не наидуваат на помош од страна на службените лица кои се овластени да им помогнат. Мислам дека тука е проблемот.*

*И јас сум слушнал дека се казнува, ама не знам конкретно што значи тоа.*

Никој не познава пример кога некој бил казнет за семејно гласање и гласање во име на друг. Беа споменати примери кога биле свесни дека се крши законот пред нивните очи, меѓутоа членовите на избирачките одбори не направиле ништо да го спречат тоа. На пример, во Шуто Оризари членовите на Избирачките одбори никогаш не предупредувале дека семејното гласање и гласањето во име на друг е забрането, бидејќи немале заштита и се плашеле. Исто така, во Челопек се случило да дојде вооружен граѓанин кој и се заканил на изборната комисија и ги

наполнил сите гласачки кутии, игнорирајќи ги членовите на Избирачкиот одбор и предупредувањата дека тоа не смее да го прави. Потоа следело прекинување на изборите во тоа место, а членовите на изборната комисија останале во шок од тоа како не биле заштитени.

Генерално, испитаниците веруваат дека казната може да биде ефективен механизам да се спречи повторување на вакви дејствија, но изразуваат голем сомнеж во ефикасноста на спроведување на казните, поради влијанието кое партиите го имаат врз надлежните институции.

*Сум слушнал такво нешто меѓутоа пак кажувам, на тоа влијаат и политичките индивидуи и затоа можеби и никогаш не се казнуваат.*

*Мислам дека тука прашање е колку се казнуваат тие. Ако некој некогаш бил казнет за нарушување на изборниот ред, сега ние би имале сосема друга ситуација, не зборувам само за семејното гласање туку зборот ми е и за другите неправилности при гласање. Дефинитивно не се почитуваат законите, и мислам дека реално никој не е казнет за ова.*

*Доколку има казни и тие функционираат ефективно, нема да се повтораат таквите појави. Сега за сега мислам дека законот не се спроведува.*

*Доколку има поддршка од партијата, таа личност ќе биде во состојба уште неколкку пати да го повтори истото.*

### 5.1.7 Мислења за причините за овие феномени

Испитаниците главната вина за случаите на изборни нерегуларности ја лоцираат кај **политичките партии**:

*Сѐ додека самите членови на избирачките одбори се блиски до политичките партии, ова ќе се случува. Главните виновници на овие појави се партиите и нивните активисти.*

но и кај **властите** кои не прават доволно напори да се надмине оваа појава:

*Владата има вина. Да сакаат тие не би оставиле ништо да се случи. И нив им одговора да се покаже одредена група на луѓе како проблематична.*

*Државата е еднакво [виновна] како и политичките партии, без да ги делам сите се покажаа успешни во манипулациите.*

Исто така, неколку испитаници го спомнаа и недостатокот на волја кај **граѓаните** да го променат ова и општата ситуација – сиромаштијата поради која се впуштаат во ваков вид изборни нерегуларности, со надеж дека во иднина ќе им донесе некоја корист. Според дел, самиот народ дозволува да биде изманипулиран од страна на партиите, најмногу поради недоволната образованост.

*Јас мислам дека најголемата причина кај нас е неписменоста и необразованоста на луѓето, не знаат да читат и не знаат дека кога ќе се рече дека е забрането.*

Покрај генералното сфаќање дека државата треба да биде поефикасна за да се реши овој проблем, беше спомната и улогата на **медиумите**:

*Мислам дека медиумите ја имаат главната улога, посебно телевизијата, каде што треба да ги презентираат правилата на граѓаните и да има што повеќе предавања во врска со изборите.*

Неефикасната работа на **изборните одбори** се смета за дополнителна пречка. Ретко кој од испитаниците слушнал некој член од одборите да опомене гласачи кои гласаат наместо некој друг, напротив, голем број сметаат дека тие се соучесници во овие незаконски дејствија и исто така треба да бидат казнувани.

*Јас мислам и самите членови се корпумирани, толерираат незаконитости, и мислам дека тие треба најпрвин да се казнат.*

*Во една комисија каде што јас бев вклучен, претседателот на комисијата премолчи на семејно гласање што го направи еден од неговите сопартијци. Ние, другите членови од комисијата го спречивме процесот на такво гласање.*

*Јас мислам дека и самите комисии се актери на семејното гласање. Доколку тие би спречувале семејно гласање, такво то не би се ни случило.*

Беа наведени неколку начини за надминување на овие проблеми: подобрување на економската состојба, доведување на нови и стабилни

политички лидери, поефикасно спроведување на законите и најмногу – промена на менталитетот преку образование.

*Јас би рекол треба да се смени менталитот кај граѓаните, да расте степенот на образовани луѓе така што автоматски би се променила и свеста.*

*Додека народот не се освести за кого гласа нема ништо да се промени, за мене народот е тој кој греши и никогаш нема да се смени.*

*Како прво треба да се имплементира законот до крај , да се казнуваат тие личности што вршат такво дело, обуки на луѓето кои што не се доволно едуцирани во овој сегмент, значи градење на некаква свест кај граѓаните.*

## 5.2 Осврт на проблемот на семејно гласање низ призма на претставниците од државните институции

### 5.2.1 Проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг од аспект на ДИК и избирачките одбори

Интервјуата спроведени со претставникот на ДИК и претставниците на Избирачки одбори укажуваат дека иако во дел од прашањата за причините за семејно гласање и гласање во име на друг нивните ставови се совпаѓаат, сепак постојат разлики во поглед на предлозите за справување со проблемите.

### Причини за семејно гласање и гласање во име на друг

Проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг, како неодминлив недостаток на изборниот процес е забележан од 1998 година[12]. Тоа не значи дека на претходните избори во 1998, изборниот процес не бил поткопуван од овој проблем. Сепак, на почетокот на 90-те, проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг паднал во сенка поради други поактуелни приоритети и проблеми, а исто така важно е да се потенцира дека тогаш не се водело евиденција како денес[13].

12 Проф. Др. Рената Тренеска Дескоска, Еден гласач – еден глас. Да го спречиме семејното гласање и гласањето во име на друг, УНДП, 2008, стр.5

13 Интервју со Субхи Јакупи, потпретседател на ДИК, 30.12.2008

Менталитетот е споменат како една од главните причини за појава на семејното гласање и гласање во име на друг, особено во руралните средини. Голем дел од популацијата во руралните средини смета дека тоа е нормално и дека е во рамки на законот[14]. На ова се надоврзуваат и мислењата дека овој феномен не се должи само на ниското ниво на свесност за своите права од страна на тие гласачи, туку и на патријархалната поставеност во нивните семејства, каде мажот е тој што одлучува[15]. Честопати, во позадината на семејното гласање или гласање во име на друг се кријат партиски интереси, односно целта е да се обезбедат повеќе гласови, затоа што мислат дека во иднина ќе им донесе лична корист (пр. вработување)[16]. Во оваа насока и целокупниот политички и општествен контекст беше споменат како проблематичен, од аспект на неефикасност на државата да се справи со овој проблем, како и високото ниво на необразованост на дел од населението во деловите каде било забележано семејното гласање и гласањето во име на друг.

На она што упатија интервјуираните претставници на ИО, меѓу другото се и заканите кои ги праќаат локаните моќници, како и злоупотреба на службени позиции на дел од претставниците на државните институции. Во оваа насока сметаат дека се стимулира семејното гласање и гласањето во име на друг за да се обезбедат сигурни гласови на одреден кандидат.

## Начини на справување со проблемот

Државната изборна комисија нема конкретна стратегија за надминување на овој проблем. ДИК преку партнерска соработка со УНДП му пристапува на овој проблем преку различни типови на проекти кои го третираат ова прашање. Од страна на ДИК, најсоодветно решение за решавање на овој проблем е препознаено во кампањите за подигање на јавната свест.

Свесност за неефикасноста на релевантните институции во спречување и искоренување на овој проблем постои. Сепак во најголема мерка одговорноста се префрла на Избирачките одбори[17], сметајќи дека досега избирачките одбори потфрлија во соодветно спроведување на избирачкиот процес на терен. Голем дел од изборните нерегуларности се

14 Интервју со Субхи Јакупи, потпретседател на ДИК, 30.12.2008
15 Интервју со претставник на Избирачки одбор, 12.01.2009
16 Ибид.
17 Ибид.

премолчени токму од нив, што било причина државните иституции да не може да постапат и ефикасно да ги казнат причинителите на изборните нерегуларности. Интересна обсервација на ДИК е дека женските членови на ИО многу посовесно ја работат работата, споредено со мажите. Истата перцепција се однесува и кога жените претставнички на политичките партии се на самото место на изборниот процес.

Од друга страна, оправданието на избирачките одбори зошто не превземале мерки, се должи на стравот кој го чувствуваат поради досегашните инциденти[18]. При тоа сметаат дека оние кои ги предизвикуваат инцидентите имаат поддршка од одредени државни или партиски структури поради што нема да бидат казнети, а во една таква ситуација може да настрада само оној кој би им се спротиставил.

Покрај свесноста на државните институции за големата улога на партиите во однос на ова прашање, сепак постои оптимизам дека партиите ќе се реформираат под притисокот на големиот број на обуки и едукација. Сепак, јасно е дека за искоренување на овие проблеми и трансформација на пристапот на партиите за самиот ден на избори потребно е да има нула толеранција за нивните претставници на било кој начин вклучени во изборните нерегуларности. Како позитивен механизам во однос на лимитирање на просторот за предизвикување нергуларности од страна на партиските претставници, се упатува на претставеноста на партиите во избирачките одбори. Имајќи во предвид дека на овој начин партиите директно ќе го следат процесот и претставници од сите партии ќе бидат дел од ИО, ДИК очекува намалување на изборните нерегуларности, како семејното гласање и гласањето во име на друг.

Клучно е партиите како посочена одговорна страна, одвнатре да се реформираат и да се демократизираат. За жал, претставници на избирачките одбори[19] кои ги следеле проблемите на терен стравуваат дека главната мотивација на партиите за стимулирање на овие нерегуларности е да го осигураат саканиот изборен резултат или да остварат одредени политички договори (особено во случај на претседателски избори кога албанските гласови се особено важни). Сметаат дека добивката е премногу примамлива за партиските и локалните моќници да ја „трампаат“ за почитување на основните принципи на демократското избирачкото право, кога веруваат дека ќе поминат без никакви правни последици.

18 Интервју со претставник на Избирачки одбор, 12.01.2009
19 Интервју со претставник на Избирачки одбор, 12.01.2009

Интересно да се потенцира е дека казните не треба да бидат единствениот и главниот начин преку кој ќе се решава овој проблем.[20] Треба да се има во предвид дека преинтензивно инсистирање на тој пристап може да се одрази на апстиненција кај дел од гласачкото тело. ДИК смета дека акцент треба да се стави на едукација особено на мажите кои мора да станат пофлексибилни. Исто така, за решавање на проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг потребно е ефикасно казнување и барање одговорност од Избирачките одбори како главни и директни „чувари" на изборниот процес, на терен. Особено внимание треба да се посвети на работата на Избирачките одбори, кои и покрај многуте спроведени обуки и едукација, сеуште се подложни на притисоци. Членовите на ИО треба не само да се казнат, туку да бидат разрешени ако не постапат правилно, т.е ако се повтори делото.

Во голем број случаи, форматот, односно нејасноста на гласачкото ливче е изговор за злоупотреба. Досега официјални приговори, односно сугестии дека гласачкото ливче е нејасно и би било проблем за катрегоријата на гласачи кои не се писмени, во ДИК немало[21]. И во однос на ова прашање, во ДИК владее мислење дека клучна улога треба да имаат членовите на избирачкиот одбор, кои треба на секој гласач кој има потреба да му го објаснат гласачкиот процес, како и да му дадат насоки во однос на избирачкото ливче. Треба да се има трпение, како од страна на членовите на Избирачките одбори, така и од страна на гласачите.

Иницијативата од невладиниот сектор, која беше јавно изнесена, во однос на постоење на посебни гласачки места за мажи и жени, не наидува на одобрување кај претставниците од ДИК. Преовладува мислење дека тоа би бил многу погрешен пристап. Во оваа насока, не смее да се бара оправдување во одредени традиционални и патијархални стеги, дека мажите не им дозволуваат на жените да се движат на места каде има други мажи. Таков проблем може да се реши на друг начин, како на пример, во Избирачките одбори во местата каде ова е проблем да има повеќе жени, понатаму жени претставнички на ИО да им го објаснат гласачкиот процес на жените гласачи, итн. Повторно, и во овој дел ДИК ги посочува ИО како главната алка во процесот.

20 Интервју со Субхи Јакупи, потпретседател на ДИК, 30.12.2008
21 Ибид.

### 5.2.2 Проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг од аспект на жените пратенички

Истражувањето се осврна и на ставот на жените пратенички, во однос на проблемот на семејното гласање и гласањето во име на друг. Вкупниот број на жени пратенички од албанскиот блок на партии во сегашниот парламентарен состав е 7, од кои на 5 им беше испратен прашалник. На крај, 3 од исконтактираните парламентарки дадоа свое видување и го изразија својот став во однос на причините за семејното гласање и гласањето во име на друг, проблемите, како и можните решенија.

#### Причини за семејно гласање и гласање во име на друг

Во однос на причините за семејното гласање, интервјуираните пратенички се согласни дека во голема мерка удел има патријархалниот менталитет според кој главата на семејството (татко, сопруг, свекор) одлучува за целото семејство, но честопати и го исполнува правото на глас. Тоа е резултат на постоечките предрасуди и стреотипи кон жените. Мажите да гласаат место нив или да им сугерираат за кого да гласаат, често се случува кога станува збор за млади (особено оние кои гласаат за прв пат), но и стари женски лица од семејството. Така што, на овие лица им е одземено правото на индивидуално, непосредно и тајно гласање со што би ги искажале сопственоит став и волја. Од една страна, споменатите категории на жени се прилично пасивни, но од друга страна, пак, се и комплетно игнорирани кога станува збор за нивното избирачко право. Во овој контекст, беше споменато и ниското ниво на едукација кај гласачите, особено кај жените гласачи што допринесува за оваа ситуација. За жал, тие се сметаат само како бројка на гласови за кои одлучуваат мажите, со цел да се осигураат повеќе гласови за одредени политички цели.

Во поглед на гласањето во име на друг, се злоупотребува отсуството од земјата на член во семејството, или доколку од објективни причини не може да излезе да гласа, најмногу поради убедување во семејството дека тоа така треба.

Во однос на фактот дека ова е „нов“ феномен кој не е забележан на изборите во раните 90-ти години, пратеничките сметаат дека во нашите изборни циклуси забележуваме спротивен тренд на разбирање на практикување на демократијата. Во оваа насока сметаат дека, ако на почетокот на 90-тите сме имале послободни и избори поблиску до западните стандарди, политичките елити требале да ја зацврстат таа

политичка култура и да ја усовршат. Меѓутоа, елитите плашејќи се од граѓанската свест и гледајќи ја како потенцијална опасност за нивното владеење, свесно ги изместија вредностите. Во овој контекст партиите се споменати како главни виновници, кои наместо да го градат духот на слобода на избор, тие го наметнуваат изборот преку локални партиски шефови, кои одлучуваат во име на населбата, улицата, селото и т.н.

Интересна обсервација е дека иако пармалентарките се членови на политичка партија, тие се многу критични во однос на улогата на политичките партии во однос на семејното гласање и гласањето во име на друг. Тие сметаат дека политичките партии се тие кои го воспоставија таквиот начин на гласање и сега не можат да се справат со проблемот, ниту со последиците кои произлегуваат. Во оваа насока беше потенцирано дека неискоренувањето на овој феномен често им е во корист на политичките партии, па тие влијаат на изборните одбори да толерираат таков тип на нерегуларности.

Во овој контекст негативен удел има и пасивноста на државните институции, кои или не превземаат ништо, или мерките кои се превземаат се безначајни и немаат капацитет да го решат проблемот на долг рок. Во оваа смисла, релевантните државни институции се посочени како одговорни што дозволуваат простор за ваквиот феномен.

## Начини на справување со проблемот

За жал, 2 од интервјуираните пратенички чувствуваат дека во нашата средина сé уште преовладува сфаќањето дека “политиката е машка работа”. Сигурниот пат да се смени оваа перцепција, е да се охрабри учеството на жените во политиката. Интересно е да се наведе, дека начинот на кој сметаат дека тоа треба да се направи е различен. Според едното мислење, ова не е прашање кое може вистински да се реши преку квоти за претставување во Собранието, туку преку демократизирање на процесот на самата номинација на повеќе жени во базите - во општинските организации и месните заедници на партиите. Клучно е, токму таму да започне регрутирањето на повеќе жени за политички функции, а партиите треба во своите програми да понудат конкретни проекти за унапредување на статусот на жените и да ги усовршат процесите на регрутација. Од друга страна, според другото мислење потребна е прво национална стратегија која ќе се спроведе од страна на институциите, при што значајна улога може да има НВО секторот. Сепак според ова мислење, клучно е донесување на закон за пропорционално учество на жените во политиката и во сите други институции, особено во раководни места во државните институции, како и имплементација на истиот преку

силни контролни механизми. Понатаму, потребно е организирање на разни кампањи и семинари за подигање на јавната свест на населението и подигање на образованието и едукацијата на жените.

Како најефикасно решение сите интервјуирани парламентарики го посочуваат образованието на жените, во средините каде е присутен овој феномен. Во оваа насока, потребно е да се воведат едукативни програми во средните училишта по однос на демократијата, изборите, правото и слободата на избор како основен столб на демократијата. Заклучокот по ова е дека колку е пообразована жената, можностите за манипулација на нејзиниот глас се помали. Освен формалното образование, се посочува и потребата од организирање на семинари и кампањи за подигање на свеста, дека жените не смеат да бидат пасивни гласачи и инертни кон општествените текови.

Во одредена мерка и гласачкото ливче може да се смета како проблем и несоодветно за дел од гласачкото тело кое е неписмено. Во оваа насока, 2 од интервјуираните парламентарки сметаат дека гласачкото ливче е комплицирано за таа категорија гласачи.

Интересно е дека мислењата се поделени за идејата во одредени места, каде се забележани во континуитет овие проблеми, мажите и жените да гласаат на одвоени гласачки места. Од една страна, ова решение се гледа како несоодветно за Македонија, која цели кон вистинско демократско функционално општество. Оттука, се упатува на потребата, партиските лидери и самите партии да покажат политичка волја дека на денот на избори ќе гласаат граѓаните, а не партиските militанти или агитатори, или локални шефови, како што било досега. Од друга страна, друга пратеничка смета дека ова би бил добар метод за да го спречи влијанито на мажите. При тоа би се придонело жените да бидат поактивни во донесувањето одлуки.

# 6

# ПРЕПОРАКИ

## Препораки до медиумите

- Посветување на поголемо внимание на феномените на семејно гласање и гласање во име на друг, особено пред избори.
- Согледување на проблемот од повеќе аспекти, наместо стереотипно прикажување.
- Едукативно влијание врз гласачите преку запознавање со правилата на гласање.

## Препораки до политичките партии

- Едукација на своите членови за проблемите на семејно гласање и гласање во име на друг.
- Жените-членови на политички партии да придонесат преку разни проекти и иницијативи (на странски донатори, лични иницијативи итн.) за подигање на свеста кај населението против семејното чласање и гласањето во име на друг.
- Поголема контрола врз сите редови на партијата пред и за време на изборите.
- Охрабрување на гласачите да излезат на избори преку гарантирање на безбедност, наместо преку заплашување и заканување.
- Во текот на изборната кампања да се осврнат на проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг и да ги повикаат гласачите да не потклекнуваат на притисоци.

## Препораки до централната власт

- Подготовка на национална стратегија за справување со проблемите на семејно гласање и гласање во име на друг.
- Едукација на гласачите и потенцијалните гласачи за правилно

гласање. Особено да се влијае врз надминување на стереотипите дека “главата на семејството” треба да раководи со гласовите на другите членови од семејството; реагирање во случаи кога некој се обидува да ги прекрши нивните права како гласачи, итн.

- Обука за членовите на избирачките одбори за начините за справување со изборни нерегуларности.
- Поголема застапеност на жени во избирачките одбори, особено во ризичните региони.
- Вклучување на сите државни институции во поинтензивни активности со цел постигнување на поголема еднаквост помеѓу половите.
- Засилена кампања на национално ниво за подигање на јавната свест.
- Поголема контрола на случувањата на изборните места преку поставување на набљудувачи и органи на редот во текот на целиот изборен процес.
- Ефектуирање на казните за семејно гласање и гласање во име на друг.
- Договори со политичките партии за нивните одговорности пред и во текот на спроведување на изборите.
- Воспоставување на т.н. “жешка линија” на која граѓаните анонимно би можеле да пријават закани и нерегуларности на изборите.

## Препораки до донаторите

- Јасна генерална рамка (стратегија) на проекти финансирани во оваа сфера која ќе има континуитет и нема да биде фокусирана само за време на изборните циклуси.
- Пореално дефинирани временски рокови, финансиски средства и „добар тајминг“ кога станува збор за проекти кои треба да имаат вистински импакт на терен.
- Квалитативна евалуација пред и по исполнување на стратегијата на донаторите во однос на ефектите постигнати на терен.

# 7

# ЗАКЛУЧОК

Анализата упатува на неколку фактори како клучни за проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг. Она што може да се забележи од искуствата на различните групи земени во предвид, упатува на согласност околу главните прични за појава на овој феномен. Како и досега, менталитетот во одредени средини е потенциран како еден од главните фактори, меѓутоа како подеднакво важна се истакнува и улогата на конкретни институции (избирачките одбори и партиите), како и образовниот статус на засегнатото гласачкото тело. Оттука, станува очигледно дека стратегијата за решавање на овој проблем треба да допре до неколку целни групи, притоа користејќи различни начини и „алатки“.

Од истражувањето произлегуваат неколку целни групи кои треба да се земат во предвид:

- Лицата кои живеат во местата каде проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг во континуитет се воочени (Во овој дел важно да се потенцира е дека пристапот нема да биде успешен доколку целната група се само жените во тие средини. Напротив големо внимание треба да се посвети на мажите како клучен фактор за надминување на традиционалните стеги кои во одредени случаи го предизвикуваат проблемот).
- Политичките партии
- Претставниците на Избирачките одбори

Во оваа насока треба да се искористат повеќе начини како да се допре до целните групи. Клучна улога во овој дел треба да играат медиумите кои треба да посветат повеќе време и подлабински да му пристапат на проблемот. Би било корисно доколу овој проблем се третира во континуитет, а не само за време на изборите. Од големо значење може да биде и соработката со НВО секторот.

Кога се споменува НВО секторот се наметнува друг проблем. Голем недостаток се воочува во пристапот на донаторите кои финансираат проекти од оваа област. Честопати проектите страдаат од несоодветна временска рамка во која се очекува да се спроведат одредени амбициозни цели, како едукација или подигање на свеста; недостиг на континуитет во пристапот за подигање на свеста; недостиг на доволно време за проценка на ситуацијата и подготовка на материјали; недостиг на финансиски средства за спроведување квалитетна кампања; недостиг на поврзаност на проектите во една погенерална стратешка рамка, итн. Од друга страна, проблематичен е и пристапот на НВО секторот. Кога станува збор за кампањи на подигање на свеста, потребно е знаење и дефиниран методолошки пристап за постигнување вистински ефекти. За жал, генерално капацитетот на НВО секторот е слаб да одговори на овој предизвик, изедначувајќи го овој тип на кампањи на активности кои многу малку или воопшто не влијаат на подигање на свеста.

Голем удел во подигање на свеста на засегнатото население може да играат жените вклучени во политиката, преку кои треба да биде пренесена пораката директно на терен. Потребно е активно и повидливо вклучување на жените пратенички, жените членови на политички партии, претставнички на НВО секторот, во проекти и иницијативи од релевантните државни институции и странски донатори, кои ќе бидат дел од јасна и континуирана стратегија за искоренување на овие проблеми.

За решавање на проблемот на семејно гласање и гласање во име на друг потребна е промена на генералниот општествен и политички контекст. Во оваа насока клучно е сеопфатно справување со проблемот, кое вклучува добро функционирање на правната држава, јасна стратегија за унапредување на нивото на образование на споменатите ранливи групи, подобрување на нивната економска состојба итн.